UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6

VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development “, Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul.”Krste Misirkov” 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ........................................................ **3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
........................................................................................................................................ **13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ..................................................................................................... **35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ........................................................................................................ **47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификацаиа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ........................................................................................................ **57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ............................................................................ **63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* .................. **71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*.................................................. **87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ................................................................ **93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* ...................................... **101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ......................................... **119**

**ИВАНОВА Наташа** **УДК: 343.611:311.21(497.7)"2012/2017"**

# УБИСТВО - ПОИМ, КЛАСИФИКАЦИА И СТАПКА НА УБИСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2012 - 2017 ГОДИНА

**Апстракт:** Одземањето на сопствениот живот, односно самоубиството е свесно посегање по својот живот и затоа законодавецот истото не го инкриминира. Меѓутоа посегањето по животот на друго лице, односно лишување од живот друго лице и те како е казниво. Тоа претставува кривично дело и за него се предвидени највисоки казни.
Кривичното дело Убиство се јавува во повеќе облици и секое од нив е соодветно санкционирано. Исто така, во поглед на сторителите на ова дело постојат разлики во однос на полот, возраста, причините кои доведуваат до сторување на делото, однесувањето во текот и по сторувањето на делото, влијанието на самата околина врз сторителот, висината на предвидената казна и други причини кои имаат големо влијание за (не)сторување на ова тешко кривично дело.
Правото на живот е едно од основните права кои му се загарантирани на граѓанинот, односно е дел од „природните права" со кои човекот се раѓа.
**Клучни зборови:** самоубиство, дефинирање, видови на убиство, сторители, казнување, казнено - правна заштита.

**IVANOVA Natasha** **UDK: 343.611:311.21(497.7)"2012/2017"**

# HOMICIDE - CONCEPT, CLASSIFICATION AND RATE OF HOMICIDE IN REPUBLIC OF MACEDONIA 2012 - 2017

**Abstract:** The legislator does not incriminate suicide because taking your own life is consciously reaching for life. However, reaching after the life of another person that depriving another person of life is a criminal act therefore is punishable. Consequently, this crime is charged with the highest penalties.Murder occurs in many forms and each is appropriately sanctioned. When it comes to murderers, there are differences in gender, age, reasons leading to committing the act, the conduct during and after the crime, the influence of the environment on the perpetrator, the degree of the prescribed punishment, and other reasons have a major influence on (non) committing this serious crime.The right to life is part of the "natural rights" that a person comes to own by birth and is one of the fundamental rights that are guaranteed to the citizens.
**Key words:** suicide, definition, types of murder, killers, punishment, Criminal - legal protection.

## Вовед

Најдрагоцено нешто што го поседува човекот е животот. Животот и телесниот интегритет се неговите најголеми вредности и тоа не само негови туку и општествени. Но и покрај тоа што на секој му е јасно дека животот на човекот претставува негово загарантирано право кое не смее да биде одземано, ова право секојдневно се крши, животот на човекот секојдневно се гаси и тоа не по природен пат туку со насилство, со употреба на сила и тоа најчесто се врши од страна на други луѓе. Секојдневно примаме информации дека на одредено место, во одреден ден некој му го одземал животот на друг. Злосторствата станаа секојдневие. Како најголемо злосторство што може да се изврши е одземањето на живот на друго лице.

Убиството постоело од секогаш. Пишаните документи кои постојат сведочат за тоа дека кривичното дело против животот и телото постојат од кога постои самата човекова цивилизација, уште од првобитните човекови заедници. Секое насилство кое претставува повреда на животот и телото, лишување од живот претставуваат кривични дела.

**Институтот убиство**

Традиционално, во криминологијата убиството[1] се дефинира како акт на противправно лишување на животот на друго лице. Убиството во социјалниот систем се гледа како повеќедимензионален феномен. Со извршување на убиството непосредно е повредена жртвата, меѓутоа последиците се одразуваат и врз блиските лица на жртвата, а посредно пак е повреден социјалниот систем бидејќи со самото извршување на ваквото дело се кршат општествените и нормативни забрани. Кога зборуваме за животот на човекот мора да се нагласи дека неговата заштита е од апсолутен карактер. Сепак во одредени ситуации од ова правило имаме исклучоци, пример кога станува збор за нужната одбрана. Ваквите исклучоци мора законски изречно да бидат предвидени и рестрективно поставени. Одземањето на туѓ живот го следи човекот од почетокот на постоењето на човекот, периодот на првобитната заедница, па сè до постоењето на современото општество. Самото сторување на убиството претставува повреда на законските, на моралните, како и на религиските забрани. За човекот, ваквото кривично дело претставува најопасно кривично дело кое предизвикува чувство на страв, неизвесност, немир, несигурност и небезбедност.

Без разлика на тоа како е извршено определено убиство, различните средства и околности, во основата на секое кривично дело убиство се содржани заеднички обележја, и тоа: како објект на заштита се јавува правото на живот[2]. Правото на живот е универзално прифатено право. Кај кривичното дело убиство се заштитува туѓиот живот, односно одземањето на туѓиот живот, а не на својот живот бидејќи самоубиството не се смета за кривично дело[3]. Како објект на дејствие на извршување се смета животот на човечкото битие. Треба да се прави разлика помеѓу објектот на заштита и објектот на дејствието бидејќи објектот на дејствие е нешто што е опипливо, нешто што е дел од материјалниот свет, чијашто повреда се јавува како резултат на кривично дело. Објект на дејствие претставува секое дејствие со кое се предизвикува смрт на друго лице, како со сторување така и со несторување, односно со пропуштање на преземање на одредено дејствие. Дејствието на извршување е нужна елементарна состојка на законскиот опис на кривичното дело. Одлуките, односно намерата да се стори кривичното дело како и останатите психички процеси, внатрешни акти не претставуваат дејствие на извршување во казнено правна смисла сè додека не се одразиле, односно не се манифестирале во надворешниот свет.

Кога зборуваме за кривичното дело убиство дејствието на извршување е одредено последично, така што законодавецот најпрвин ја одредува последицата, по што како дејствие на извршување се смета секое она дејствие со кое може да се предизвика опишаната последица, односно да се предизвика смрт на некое лице. Како што претходно споменавме тоа во суштина може да биде секое сторување или несторување бидејќи кривичното дело убиство се врши со дејствие на сторување (пукање од огнено оружје, давење, труење, подметнување на пожар, бодење со нож и сл.) или несторување. Како последица се јавува смртта, односно со згаснувањето на животот делото се смета

[1] Видете Убиство чл. 123 од Кривичниот законик на РМ.
[2] Видете на стр. 9 Казнено право – посебен дел со практични примери, Тодор Витларов, 2013 г.
[3] Видете Коментар на Кривичниот законик, Владо Камбовски.

за завршено. За да може да се каже дека со некое преземано дејствие настапила смртта, потребно е да постои врска помеѓу самото дејствие и последицата, односно мора да постои каузалитет – причинско-последична врска, последицата да настанала како резултат на преземањето на дејствието.

**Видови на убиство**

Освен општите елементи кои постојат кај сите кривични дела, во секое кривично дело мора да постојат и посебните елементи кои го сочинуваат неговата срж, неговото битие, кои мора да постојат во нивната севкупност, врз основа на што судот може да донесе осудувачка пресуда за таквото кривично дело. Како најважни добра не само за индивидуата, туку и за целата општествена заедница се сметаат животот и телото на човекот. Постојат различни видови на убиство, во зависност од тоа како се извршени, на кој начин, дали свесно е преземено делото и сл. Па така убиството може да биде извшено со умисла или пак истото да биде сторено од небрежност.

Во зависност од околностите убиството може да има квалификуван или привилигиран карактер. Убиството освен што постои како основно дело, тоа се јавува и како квалифицирано дело, односно постојат квалифицирани убиства[4]. Кај ваквите квалифицирани убиства, делото е извршено со умисла, меѓутоа овде постојат околности кои се отежнителни, односно му даваат потежок карактер на убиството. Овде постојат квалификаторни околности без разлика дали станува збор за објективни или субјективни околности. Кога постојат повеќе такви квалификаторни околности, тие се од значење заради одмерување на казната, па така делото ќе се квалификува како квалифицирано убиство, ќе се нагласи една од таквите околности, додека другите ќе бидат наведени и ќе служат за одмерувањето на казната.

Според начинот на извршување убиството може да биде: убиство на свиреп и подмолен начин[5], Убиство при вршење семејно насилство[6] и Убиство со умислено доведување во опасност животот на уште некое лице.[7]

Според мотивите на сторителот - Убиство од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди, Убиство по порачка или кога друг ќе лиши од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување.

Според својството на жртвата - убиство на малолетно лице или бремена жена, како и убиство на судија, јавен обвинител, адвокат или службено или воено лице при вршење на нивните функции. [8]

Освен квалифицираните убиства постојат и привилигирани убиства. Во оваа група спаѓаат убиствата од благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност како и убиство на дете при пораѓај. Овие дела се сметаат за привилигирани бидејќи постојат олеснителни околности под кои е извршено ова дело, односно лицето е во состојба во која е тешко да се повика нормален.[9]

По бројот на учесници при вршење на кривичното дело убиство имаме: убиство извршено од едно лице, убиство извршено од група или организирана групација.

---

[4] Видете на стр. 1 д-р Методија Каневчев, Квалифицирани (тешки) убиства.
[5] Видете на стр. 12 Казнено право – посебен дел со практични примери, Тодор Витларов, 2013г.
[6] Видете на стр. 13 Казнено право – посебен дел со практични примери, Тодор Витларов, 2013г.
[7] Видете на стр. 13 Казнено право – посебен дел со практични примери, Тодор Витларов, 2013г.
[8] Видете на стр. 1 д-р Методија Каневчев, Квалифицирани (тешки) убиства.
[9] Видете на стр. 15, 16, 17 и 18 Казнено право – посебен дел со практични примери, Тодор Витларов, 2013 г.

Во зависност од бројот на жртви имаме убиство со една жртва или пак масовно убиство каде што имаме две или повеќе жртви.

Кога се извршува крвичното дело убиство, секогаш постојат околности кои се отежнувачки или олеснителни. Во зависност од нив се определува казната. Кога имаме отежнителни околности секогаш се наметнува построго казнување. Кај олеснителните околности казните се помали бидејќи ваквите околноси ја ублажуваат ситуацијата.

Во зависност од правните системи ваквите дела различно се уредени од една во друга држава и за сите нив е предвидена одредена казна.

**Убиство во Македонија во период од 2012 до 2017 година**

Според официјалните податоци добиени од страна на Државен завод за статистики на РМ и Министерството за внатрешни работи, во 2012 година, најмогу убиства се извршени на територијата на град Скопје, односно таму имаме 8 убиства, понатаму во Гостивар се извршени 3 убиства, во Куманово, Велес, Кочани, Струмица, Неготино и Ресен се извршени по две убиства, а во Тетово, Струга, Охрид, Кичево и Прилеп има по едно убиство.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, пет сторители се на возраст од 18 до 25 години, осум сторители се на возраст од 26 до 35 години, пет сторители се на возраст од 36 до 45 години, две лица се на возраст од 46 до 55 години и четири извршители на кривичното дело убиство се на возраст од +56 години.

Најголем дел од стрителите се со основно образование, односно имаме 12 сторители со основно образование, девет сторители се со средно образование и три лица со неодреден степен на образование.

Најголем дел од нив се не работат, односно 11 сторители се невработени, 7 се работници, две лица се ученици, еден од сторителите е студент, исто така еден од нив е пензионер, додека за две лица не е одредено занимањето.

Во 2013 година, исто така најголем дел од убиствата се извршени во Скопје. Од вкупниот број на извршени убиства, осум од нив се извршени на територијата на град Скопје. По две убиства има во Куманово, Тетово и Штип. Во Гоствивар, Велес, Радовиш, Кавадарци, Демир Хисар и Кратово има извршено по едно убиство.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, две лица се на возраст од 18 до 25 години, четири сторители се на возраст од 26 до 35 години, пет сторители се на возраст од 36 до 45 години, 4 сторители се на возраст од 46 до 55 години. Три лица сторители на кривично дело убиство се на возраст од +56 години.

Од вкупниот број на сторители, пет сторители се со основно образование, десет сторители се со средно образоваание и три лица со неодреден степен на образование.

Од сторителите, осум се лица кои работат, седум се невработени, додека за три лица не е одредено занимањето.

Бројот на убиства во Скопје за 2014 останува ист како и претходната година, односно има осум убиства. Во Велес и Кочани бројот на убиства е зголемен. Па така, во овие два града се извршени по 3 убиства. Во Гостивар и Кавадарци се извршени по две убиства. Во Куманово, Тетово, Струга, Охрид, Неготино, Демир Хисар и Пробиштип е извршено по едно убиство.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, четири сторители се на возраст од 18 до 25 години, шест сторители се на возраст од 26 до 35 години, пет сторители се на возраст од 36 до 45 години, 4 сторители се на возраст од 46 до 55 години. Пет лица сторители на кривично дело убиство се на возраст од +56 години.

Најголем дел од стрителите се со средно образование, односно имаме 14 сторители со средно образование, осум сторители се со основно образование, а еден од сторителите нема образование.

Најголем дел од нив се не работат, односно 13 сторители се невработени, 10 сторители се работници, додека за еден сторител не е одредено занимањето.

Во 2015 година во Скопје се извршени 6 убиства. Бројот на убиства во Тетово е зголемен, односно овде имаме 4 убиства. Во Струга се извршени 3 убиства. По две убиства се извршени во Куманово и Гостивар. Во Велес, Радовиш, Кичево и Свети Николе е извршено по едно убиство.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, еден сторител нема полни 18 годни, пет сторители се на возраст од 18 до 25 години, седум сторители се на возраст од 26 до 35 години, две лица кои се јавуваат како сторители на кривично дело убиство се на возраст од 36 до 45 години, шест сторители се на возраст од 46 до 55 години. Две лица сторители на кривично дело убиство се на возраст од +56 години.

Од вкупниот број на сторители, 12 сторители се со средно образование, а 11 сторители се со основно образование.

Десет од сторителите се работници, четири сторители се невработени, еден сторител е ученик, а за осум сторители занимањето не е определено.

Во 2016 година од вкупниот број на извршени убиства, по четири убиства се извршени во Скопје и Куманово. Во Битола се извршени две убиства, а по едно убиство е извршено во Гостивар, Тетово, Велес, Струмица, Радовиш, Охрид и Крушево.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, еден сторител нема полни 18 години, пет сторители се на возраст од 18 до 25 години, осум сторители се на возраст од 26 до 35 години, две лица кои се јавуваат како сторители на кривично дело убиство се на возраст од 36 до 45 години, три сторители се на возраст од 46 до 55 години. Само еден сторител на кривично дело убиство е на возраст од +56 години.

Од вкупниот број на сторители на кривично дело убиство, единаесет сторители имаат завршено средно образование, осум од сторителите со со завршено основно образование, а само еден сторител е со високо образование. Најголем е бројот на сторители кои не работат, односно девет од сторителите се невработени, седум од сторителите се работници, еден од сторителите е студент, а за три лица не е одредено занимањето.

Бројот на убиства извршени во Скопје, во 2017 година е зголемен споредбено со претходните години. Па така од вкупниот број на убиства, десет се извршени во Скопје. По две убиства се извршени во Велес, Битола и Прилеп. Во Куманово, Гостивар, Тетово, Струга, Кочани, Охрид, Кичево, Крушево и Гевгелија е извршено по едно убиство.

Од вкупниот број на полнолетни сторители, пет сторители се на возраст од 18 до 25 години, четири сторители се на возраст од 26 до 35 години, пет сторители се на возраст од 36 до 45 години, Пет сторители се на возраст од 46 до 55 години. Пет лица сторители на кривично дело убиство се на возраст од +56 години.

Најголем дел од стрителите се со средно образование, односно имаме 18 сторители со средно образование, три лица се со основно образование, еден сторител е без образование и еден сторител е со више образование. Од вкупниот број, 13 сторители се невработени, осум се работници, еден е ученик и еден сторител е со неодредено занимање.

**Заклучок**

Според горенаведеното може да се заклучи дека животот и телесниот интегритет на човекот се најголемите вредности и тоа не само негови, туку и општествени. Животот е најдрагоценото нешто што го поседува човекот и неговата заштита постои отсекогаш. Во криминологијата убиството се дефинира како акт на противправно лишување на животот на друго лице. Со извршување на убиството непосредно е повредена жртвата, меѓутоа последиците се одразуваат и врз блиските на жртвата, а посредно пак е повреден социјалниот систем бидејќи со самото извршување на ваквото дело се кршат општествените нормативни забрани. Кога зборуваме за животот на човекот мора да се нагласи дека неговата заштита е од апсолутен карактер.

Постојат различни видови на убиство, во зависност од тоа како се извршени, на кој начин, дали свесно е преземено делото и сл. Па така убиството може да биде извршено со умисла или пак истото да биде сторено од небрежност. Во зависност од околностите убиството може да има квалификуван или привилигиран карактер. Потоа може да се направи класификација на убиствата според начинот на извршување убиството, според мотивите на сторителот, според својството на жртвата, по бројот на учесници при вршење на кривичното дело убиство како и во зависност од бројот на жртви.

Од претходно презентираните и обработени податоци може да се заклучи дека најголем е бројот на убиства во Скопје, додека во останатите градови истиот варира. Како сторители на кривичното дело убиство најчесто се јавуваат лица од машки пол. Најголем е бројот на сторители кои се на возраст од 26 до 35 години. Голем дел од сторителите на убиство се невработени и истите се со основно или средно образование.

**Користена литература**

проф. Витларов Т. (2013): Казнено право – посебен дел со практични примери

д-р Каневчев М:, Квалифицирани (тешки) убиства

Кривичен законик на РМ, член 123 ст. 3, Сл. весник на Република Македонија бр. 37 од 06.08.1996, заклучно со последните измени и дополнувања во Сл. весник на Република Македонија бр. 196 од 10.11.2015

Камбовски В., Тупанчевски Н. (2010): Кривично право (посебен дел), Скопје

Камбовски В (2011), Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје

Камбовски В. (2006), Казнено право – општ дел, Правен факултет „Јустинијан“ Скопје,

проф. Марјановиќ Ѓ., проф. Каневчев М. (2010) – Македонско Кривично право – посебен дел, Просветно дело АД Скопје

Државен завод за статистика на РМ, *Статистички годишници* http://www.stat.gov.mk

Министерство за внатрешни работи на РМ, http://www.mvr.gov.mk/